| | |
|---|---|
| **Неделна Тема** | Домашните животни |
| **Содржина на денот** | Во селскиот двор |
| **Возраст** | 3-4 години |
| **Воспитувач** | Бојана Алексоска |
| **Дневни активности** | |
| **Здрави и безбедни навики** | Разгвоор на тема како се шират вирусите и бактериите и како можеме правилно и  најлесно да се заштититиме од истите. |
| **Активности** | Активноста започнете ја со разгоор на тема –„Домашни животни„, каде живеат, кој се грижи за нив, дали човекот има некоја корист од нив, каква корист и др.<br>Разговарајте и поттикнувајте го детето да одговара со граматички исправни и цели реченици.<br>Прочитајте го текстот (види во прилог) „Во селскиот двор“.<br>Водете разговор со детето и поставувајте прашања за важните  ликови во текстот. Додека детето ви дава одговор, настојувајте да формира целосни реченици.<br>Понудете му да детето ликовен материјал што го сака, да црта или да слика (илустрација на текстот) или изработете заедно макета на селски двор. Активноста трае додека има интерес.<br>Посетете заедно фарма или посетете Зоолошка градина и покажете му ги на детето домашните животни и разговарајте за нив со цел утврдување на стекнатите знаења. |